**КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA**

FIBA
We Are Basketball

**Кошаркарска Федерација**
**на Северна Македонија**
**Бр. 03-248/1**
**Дата 19.05.2020**

# СООПШТЕНИЕ

Со оглед дека минатогодишното изборно Собрание се одржа на 15.05.2019 година и за во месец мај 2020 година беше планиран терминот за одржување на редовното годишно Собрание на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија, сакаме да ги известиме сите членови-претставници на Собранието на КФСМ дека поради актуелната состојба со пандемијата на коравирусот, како и согласно Одлуката за мерки за спречување и ширење на Коронавирус COVID-19 од 12.03.2020 година на Владата на Република Северна Македонија, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување и ширење на Коронавирус COVID-19 од 12.05.2020 година на Владата на Република Северна Македонија, како и Протоколот за одржување на седници на органи на управување и конференции од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство (Прилог бр.4), во овој период не е возможно организирање на редовното годишно Собрание, бидејќи согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување и ширење на Коронавирус COVID-19 од 12.05.2020 година и Протоколот (Прилог бр.4), дозволениот број на учесници на еден ваков собир е ограничен до максимум 30 лица.

Кошаркарската Федерација на Северна Македонија како сериозна и одговорна организација која е целосно посветена на заштита на здравјето на луѓето, ќе го закаже терминот за одржување на редовното годишно Собрание штом ќе се создадат законски дозволени и целосно безбедни по здравјето на луѓето услови за одржување на истото, за што сите членови-претставници на Собранието на КФСМ ќе бидат уредно и навремено известени.

Скопје, 19.05.2020 година

Претседател на КФСМ
Перо Антиќ

------------------------------------------------